**Почитуван учесник во Програмата NDIS**

Ова писмо е во врска со новата Комисија за квалитет и безбедност на Програмата NDIS.

Таа скратено се нарекува Комисија на Програмата NDIS.

Почнува со работа во Јужна Австралија и во Нов Јужен Велс на 1 јули 2018 г.

Комисијата на Програмата NDIS ќе осигури дека поддршката што ја добивате преку Програмата NDIS е добра и безбедна.

Имате право да бидете безбедни и да добивате услуги со добар квалитет.

Имате право да поднесете поплака.

## Што ќе направиме ние

Ќе осигуриме дека службите се однесуваат добро кон вас.

Ќе им кажеме на работниците дека мора да ги почитуваат правилата од Правилникот за однесување на Програмата NDIS.

Ќе ги натераме службите да ги пријавуваат злоупотребите, небрежноста и другите лоши работи.

Ќе даваме информации и совети за да ги направиме услугите подобри.

## Во ред е да се поднесе поплака

Може да поднесете поплака за поддршката што ја добивате преку Програмата NDIS.

Прво разговарајте со вашиот давател на услуги.

Може да добиете помош од семејството, од пријател или од застапник.

Ако службата не ви помогне или ако не сакате да разговарате со нив, обратете се до **Комисијата на Програмата NDIS**.

Ние ќе ве ислушаме и ќе се обидеме да ја подобриме ситуацијата.

## Поднесување поплака

Поплака може да поднесете ако ни се јавите по телефон.

Телефон: **1800 035544 (бесплатен повик од фиксни телефони).**

Или може да го пополните формуларот за поплаки на нашето место на интернет www.ndiscommission.gov.au

Нашата канцеларија почнува со работа на 2 јули 2018 г.

Повеќе информации може да добиете од службите за застапување и информирање.

Со тоа што ќе го кажете вашиот проблем може да помогнете да се подобрат работите и за вас и за другите.

Искрено ваш



**Graeme Head**

Началник на Комисијата на Програмата NDIS